Обука со практична работилница од областа на спречување перење пари и финансирање на тероризам

УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА СПП/ФТ – БАРАЊА И ОЧЕКУВАЊА НА УФР ПРИ НАДЗОР

Практична примена на законските обврски, подготовка за надзор и анализа на сложени и невообичаени трансакции

11–12 декември 2026 година | Хотел „Глориус“, Велешко Езеро

ЦЕЛ на обуката

Целта на обуката е да ги продлабочи знаењата на учесниците за примената на мерките и дејствијата за СПП/ФТ, надзорните постапки на Управата за финансиско разузнавање и препознавањето сложени и невообичаени трансакции.

Обуката опфаќа тематски излагања и практични вежби врз основа на примерите и сценаријата од материјалите на предавачите.

СОДРЖИНА на обуката

1. Надлежности на Управата и видови надзор

Преглед на надлежностите на Управата и постапките за вршење надзор.

- Теренски надзор: редовен, вонреден и контролен надзор.
- Постојан мониторинг – вонтеренски надзор; барања за податоци, информации, документација и прашалници.

2. Корективни мерки и контролен надзор

Разгледување на корективните мерки и контролниот надзор во случај на утврдени неправилности.

- Записник со препораки, рокови за постапување и документирање на преземените активности.
- Контролен надзор и примери на неправилности кои можат да бидат предмет на корективни мерки.
- Примери на неправилности кои можат да бидат предмет на корективни мерки.

3. Овластено лице, обука и известување

Осврт на организациските обврски на субјектите во областа на СПП/ФТ.

- Именување овластено лице и негов заменик, формирање оддел и услови за работење.
- Обука на вработените и доставување податоци за овластеното лице до Управата.

4. Податоци и документација при надзор

Преглед на податоците и документацијата што може да бидат предмет на надзор.

- Тековна состојба, податоци за вистинскиот сопственик и основни податоци за субјектот.
- Програма за управување со ризикот, проценка на ризик и клиентски досиеја.

5. ПРАКТИЧНА РАБОТИЛНИЦА: Подготовка за надзор

Практична работа со избрани обрасци, примери и контролни листи од презентацијата.

- Разгледување на документација и проценка на ризик на клиент преку избрани примери.

6. Техники/методи за препознавање сомнителни и невообичаени трансакции

Преглед на аналитичките пристапи и типологиите претставени во презентацијата.

- Детекција на аномалии, анализа на графикони/врски и обработка по збор.
- Структуирање (smurfing), несовпаѓања на профилот и приходот и други трансакциски аномалии.

7. Рамка за практична верификација

Преглед на методите за верификација на документи и анализа на економската суштина на трансакциите.

- Независна верификација на договорот и верификација на страните.
- Реконструирање на економската суштина, следење на паричните текови и проверка на комерцијалното оправдување.

8. ПРАКТИЧНА РАБОТИЛНИЦА: Анализа на трансакциски сценарија

Работа на избрани трансакциски сценарија и препознавање на „црвени знамиња“.

- Анализа на сценарија за структуирање (smurfing), бизниси базирани на готовина и компании „школки“.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ од обуката

По завршувањето на обуката учесниците ќе можат:

- Подобро да ги разбираат надзорните постапки и релевантните обврски за СПП/ФТ.
- Да ја согледаат важноста на соодветната документација и проценката на ризик.
- Да ги разбираат корективните мерки и постапувањето по утврдени неправилности.
- Да препознаваат и анализираат сложени и невообичаени трансакции.
- Да ги користат претставените пристапи за верификација и анализа на трансакции.